МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# Ликовно образование

## за VIII одделение

Скопје, 2025 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Ликовно образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VIII (осмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Ликовен јазик***<br>• ***Дводимензионална уметност***<br>• ***Тридимензионална уметност*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Компјутер, таблет, проектор, дигитален фотоапарат, мобилен телефон (апликации), паметна табла, печатач и сл.<br>• Интернет и образовни софтвери.<br>• Хартија, молив (B и HB), јаглен, дрвени боички, туш и перце, лавиран туш, туш во боја, сув пастел, фломастери, четки, темперни бои, акрилни бои, водени бои, маркери, лепак, ножици, глина, матрица и ваљак.<br>• Жица, платна текстил, волници, картон, лепило, стапчиња, весник, салфетки и хефталка.<br>• Репродукции од уметнички дела, ученички творби, фотографии, списанија, книги, продукти од дизајн и др. |
| **Норматив за наставен кадар** | Наставата по Ликовно образование во осмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>• студии по ликовни уметности, наставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• студии по ликовни уметности, друга ненаставна насока, VII/1 или VI A (според МРК) и 240 ЕКТС и стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничко изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-A.5 | да манифестира препознавање на сопствената култура и на различни начини на нејзино израување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.11 | да ги идентификува и анализира пораките и стилските и естетските елементи на литературните дела; |
| I-A.12 | да користи информација од различни извори и медуми и критички да пристапува кон нив,земајќи ги предвид изворот,контетстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

***Математика и природни науки***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| III-А.52 | да го разбере значењето и потребата од одржливиот развој и критички да анализира ситуации во кои постојат конфликти на интереси меѓу потребата од економско-технолошки развој и заштитата на животната средина; |
| III-А.54 | да ги објаснува физичките појави и да користи научни концепти во секојдневниот живот; |
| III-А.54 | да ги поврзува законитостите во експериментот со законитостите во реалната природна појава, да ја воочува причинско-последичната врска и да согледува дека многу природни појави може да се предвидат. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |

***Дигитална писменост***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.6 | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини, почитувајќи ги правилата за користење; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила, и за добро на луѓето; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.6 | мора да се почитува правото на интелектуална сопственост на продуктите достапни на дигиталните мрежи. |

***Личен и социјален развој***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |

| | |
|---|---|
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

***Општество и демократска култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-А.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-А.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| VI-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамки на училиштето; |
| VI-А.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато. |

| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
|---|---|
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да преземе одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможува подобро разбирање на светот во кој живееме. |

***Техника, технологија и претприемништво***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VII-А.2 | да ја објасни потребата од иновации за развојот на општеството; |
| VII-А.6 | да развие план за изработка на некој продукт со употребна вредност, да го изработи продуктот, користејќи соодветни материјали, алатки и постапки и да ја провери неговата функционалност; |
| VII-А.7 | да определи цена на продуктите, вклучувајќи ги заработката, трошоците и давачките. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | иновациите и претприемништвото се значајни за економскиот развој на општеството и за подобрувањето на социјалниот и финансискиот статус на поединецот и заедницата; |
| VI-Б.3 | иницијативата е битен услов за внесување промени во личниот живот и животот во заедницата, а успешноста на промените е поврзана со соочување со предизвици и/или преземање ризик. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ЛИКОВЕН ЈАЗИК***
Вкупно часови: 4

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да прави разлика меѓу видовите уметности (во рамките на дводимензионалните и тридимензионалните уметности) и да користи ликовен јазик при споредување на ликовните подрачја;
2. да ги опишува ликовните елементи и ликовните принципи за секое ликовно подрачје;
3. да препознава интеграција, иновација, мотив, идеја и техника на ликовни дела и да ги опишува и споредува со употреба на ликовен јазик.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Ликовни подрачја** (ликовен јазик, дводимензионална уметност, цртање, сликање, графика, дизајн и визуелни комуникации во 2Д, тридимензионална уметност, скулптура, дизајн и визуелни комуникации во 3Д) | • Разликува видови дводимензионални уметности (цртање, сликање, графика и дизајн и визуелни комуникации во 2Д).<br>• Разликува видови тридимензионални уметности (скулптура и дизајн и визуелни комуникации во 3Д).<br>• Споредува ликовни подрачја и користи ликовен јазик (цртање, сликање, графика, скулптура, дизајн и визуелни комуникации). |
| • **Ликовни елементи и ликовни принципи** (композиција, интензитет на боја, текстура, градација, реален простор и илузија на простор, линеарна перспектива, пропорции, златен пресек) | • Ги дефинира ликовните елементи и ликовните принципи: композиција, интензитет на боја, текстура, градација, реален простор и илузија на простор, линеарна перспектива, пропорции, златен пресек за секое ликовно подрачје. |
| • **Естетска проценка** (интеграција, мотив, идеја, техника) | • Препознава интеграција во уметничко изразување.<br>• Опишува и споредува ликовни дела (мотив, идеја и техника) со употреба на ликовен јазик. |

**Примери за активности**

- Учениците поделени во мали групи/парови на табла изработуваат шематски пристап  при што ја илустрираат поделбата на ликовните подрачја во рамките на видовите ликовни уметности (дводимензионални и тридимензионални). Потоа поделбите ги презентираат пред соучениците.
- Учениците создаваат нагледен материјал во вид на постери за ликовните елементи и ликовните принципи (композиција, интензитет на боја, текстура, градација, реален простор и илузија на простор, линеарна перспектива, пропорции и златен пресек) за секое ликовно подрачје.
- Учениците, поделени во групи, истражуваат за иновативен пристап во уметноста и го поврзуваат со секојдневниот живот. Разгледуваат дела од фотографија, каталог, мозаик, фреска, архитектура, ентериер и екстериер. Потоа ги анализира делата преку

мотивот, идејата, техниката и ликовните елементи и принципи преку ликовниот јазик и дава примери како се користат/може да се користат во секојдневниот живот. На крајот секоја група изработува презентација (на хартија или дигитално) на тема: Ние чекориме заедно со времето.

Тема: ***ДВОДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ***

Вкупно часови: 23

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да применува комбинации од ликовни елементи во ликовна композиција, да применува визирање, да претставува различни пропорции, да разликува реален простор од илузија на простор и да применува линеарна перспектива;
2. да разликува бои според интензитет, да применува мешање на боите и усовршува различни сликарски техники при сликање по набљудување, сеќавање и по сопствена замисла, да развива истражувачки вештини;
3. да препознава графички техники на рамен и пропустлив печат, да применува техника шаблон;
4. да креира и интервенира на фотографии и да креира видео клипови со користење на дигитални софтвери и апликации.

Ученикот/ученичката ќе:

5. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
6. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Цртање и цртачки техники**<br>(композиција, визирање, пропорции, реален простор, илузија на простор, линеарна перспектива, собирна точка) | • Комбинира ликовни елементи во ликовна композиција.<br>• Применува визирање при цртање.<br>• Разликува и применува пропорции во цртеж.<br>• Прави разлика меѓу реален простор и илузија на простор.<br>• Применува линеарна перспектива. |
| • **Сликање и сликарски техники**<br>(примарни, секундарни и меѓубои, интензивни и неинтензивни бои, нијанса на бои, оптичко мешање на бои, фреска, мозаик) | • Применува мешање на бои при добивање на секундарни бои и меѓубои.<br>• Применува сликарски техники: водени бои, темперни бои, акрилни бои, пастел, фломастери.<br>• Прави разлика меѓу интензивни и неинтензивни бои и ги користи во слика.<br>• Слика форми и големини со мешање на бои соодветни на зададена поставка.<br>• Препознава оптичко мешање на боите во ликовно дело и го применува во сопствена творба.<br>• Развива истражувачки вештини при изработка на групни презентации за фрески и мозаици. |

| | |
|---|---|
| • **Графика и графички техники**<br>(рамен печат (литографија), пропустлив печат (сито печат / сериграфија), шаблон) | • Прави разлика помеѓу графичките техники на рамен и на пропустлив печат.<br>• Користи шаблон како варијанта на техника пропустлив печат. |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 2Д**<br>(аналогна фотографија, дигитална фотографија, кадар, дигитален запис, видео, видео клип, секвенца, видео ефект, видео креатори, видео конвертери) | • Разликува видови фотографија.<br>• Создава дигитален запис (фотографија, видео/видео клип).<br>• Создава композиција од фотографии и текст во колаж техника.<br>• Користи графички компјутерски програми/апликации и нивни визуелни ефекти за интервенирање и креирање на фотографии и видеа. |

**Примери за активности**

- Учениците ги применуваат стекнатите знаења за ликовните елементи и комбинирајќи ги создаваат ликовна композиција во цртачка техника по избор (молив, јаглен, туш, лавиран туш и др.) на тема Летен распуст.
- Учениците цртаат според поставена Мртва природа применувајќи визирање, кадрирање и пропорции.
- Учениците се запознаваат со важноста на пропорциите во ликовните дела и во архитектурата, како и со поимот златен пресек, преку анализа на дела од реномирани автори („Мона Лиза“ и „Витрувијанскиот човек“ на Леонардо да Винчи, „Светото Семејство“ на Микеланџело, „Тајната вечера“ на Салвадор Дали, Партенон, Ајфелова кула, Ле Корбизие и други). Потоа цртаат примери од природата каде се забележува златниот пресек и третманот на пропорциите (полжав, школки, цветови, човечко уво и.т.н.).
- Учениците се запознаваат со термините реален простор и илузија на простор. Потоа, поделени во мали групи/парови, идентификуваат дела од реномирани автори како примери за третманот на реалниот простор (архитектура, скулптура, објект, уметничка инсталација и др.) и илузија на простор (сликарство, графика, цртеж, фотографија, дигитална уметност и др.) и согледувањата ги презентираат пред соучениците.
- Учениците цртаат урбани мотиви, мотиви од природата или внатрешен простор, применувајќи линеарна перспектива, со една собирна точка.
- Учениците сликаат круг од 12 бои (примарни, секундарни и меѓубои), со примена на водени, акрилни или темперни бои. Притоа од примарните бои со метод на физичко мешање ги добиваат сите останати бои.
- Учениците цртаат композиција од повеќе едноставни форми кои се преклопуваат. Потоа ги бојат формите со примарни или секундарни бои, користејќи акварелни бои/тушеви во боја/акрилни бои, при што кај преклопувањата се добиваат мешавините од двете бои. Потоа, пред соучениците ги презентираат своите слики и дискутираат за мешањето на боите: каков резултат (интензитет и чистина на боја) се добива со мешање на соседните бои од кругот на боите, а каков резултат се добива со мешање на спротивните бои од кругот на боите.
- Учениците ги споредуваат боите во дела од познати уметници (Василиј Кандински, Соња Делоне, Каспар Давид Фридрих, Вилијам Тарнер, Јан Вермер, Рембрант, Ежен Делакроа, Жак Луј Давид, Пол Кле, Виктор Вазарели и др.) и ги разликуваат според нивниот интензитет. Потоа, идентификуваат интензивни и неинтензивни бои во опкружувањето (во училницата, во училишниот двор и сл.).

- Учениците, поделени во групи (4-6 ученици) на голема хартија - хамер цртаат контура на дрво. Потоа листот со молив го делат на онолку делови колку што има членови групата. Секој ученик има задача во својот дел, фрагментите од дрвото да ги слика со интензивни бои, а позадината со неинтензивни бои, со примена на комбинирана техника (пастели, темпера, акварел, акрилик, фломастери и др.). На крајот, секоја група ја презентира својата слика пред соучениците.
- Учениците разгледуваат примери на дела од познати уметници со мотив Мртва природа (на пример: Пол Сезан, Караваџо, Питер Клас, Шарден, Лазар Личеноски и др.) и на истите ги воочуваат боите и дискутираат за начинот на кој во уметничките дела се применуваат боите.
- Учениците набљудуваат аранжирана поставка (мртва природа) и ги воочуваат боите во неа. Со молив ја цртаат поставката запазувајќи ги пропорциите и потоа ја сликаат со примена на водени, акрилни или темперни бои. При сликањето ја користат постапката на мешање на боите за да се добие саканата нијанса.
- Учениците разгледуваат примери на дела од неоимпресионизмот (од Жорж Сера, Пол Сињак, Анри Крос и др.) и на истите воочуваат оптичко мешање на боите.
- Учениците сликаат на мотив: Поглед низ прозорецот, со користење на оптичко мешање на боите со темперни бои (место четки може да користат стапчиња за уши).
- Учениците поделени во големи групи истражуваат за фрески и мозаици од антички, ранохристијански и византиски период, користејќи енциклопедии и интернет. На крајот секоја група изработува презентација за позначајни фрески и мозаици кај нас (на хартија или дигитално).
- Учениците во мали групи/парови разгледуваат познати графички дела во техниките рамен печат (литографии од Тулуз Лотрек) и пропустлив печат (дела на Енди Ворхол), проучувајќи ги специфичностите и начините на изведување на посочените графички техники. Потоа од нив креираат едукативни дијаграми/постери, кои ги поставуваат во училницата и ги презентираат.
- Учениците на подебела хартија/потенок картон изработуваат цртеж за шаблон на тема по сопствен избор. Потоа обликот од цртежот кој треба да е исполнет со боја, го сечат/отстрануваат со помош на скалпер и ножички. Хартијата ја прицврстуваат за ткаенина/маичка и со помош на сунѓерче и акрилна боја со тапкање го изведуваат шаблон печатот.
- Учениците, користејќи интернет истражуваат на тема фотографија, историја на фотографијата и видови (црно – бела, колор фотографија, аналогна и дигитална фотографија). Преку истите примери разгледуваат и споредуваат мотиви и се запознаваат со поимот кадар. Потоа самостојно одбираат мотив од околината и планираат кадар кој го фотографираат со фотографски апарат или мобилен телефон создавајќи фотографија/дигитален запис.
- Учениците дискутираат за потребата на фотографијата во дизајнот. Потоа истражуваат/интервенираат на фотографијата (менуваат колорит, ефекти, додаваат емотикони, текст, од колор фотографија создраваат црно-бела верзија и обратно, ретро ефект и сл.) и со помош на дигитални алатки и онлајн апликации создаваат покана (роденденска, забава, настан и сл.).
- Учениците поделени во големи групи планираат и креираат композиција со комбинирање на отпечатени фотографии и отсечени букви/текст (од весникарска хартија) во техника колаж.

- Учениците за време на прошетки, настани во и вон училиштето снимаат клипови и секвенци. Потоа истите ги поврзуваат во кратко видео на еколошки теми на кое додаваат визуелни ефекти користејќи дигитални алатки на ПЦ или онлајн/мобилни апликации (видео креатори, видео конвертери и сл). Видеата ги презентираат пред соучениците.

Тема: ***ТРИДИМЕНЗИОНАЛНА УМЕТНОСТ***
Вкупно часови: 9

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. да препознава и споредува пропорции во тридимензионални форми на пластично обликување и да применува различни скулпторски техники и постапки;
2. да ја препознава потребата од дизајнот на мебел и модниот дизајн, да создава идејно решение за дизајн на ентериер/мебел, дизајн на облека/моден додаток, да умее да користи и презентира информации на тема архитектура.

Ученикот/ученичката ќе:

3. разбира потреба од стил, мода и моден дизајн.
4. развива имагинација и креативност при творењето на ликовни творби;
5. развива мануелни вештини;
6. развива способност за естетска проценка на ликовни дела и ученички творби.

| **Содржини (и поими):** | **Стандарди за оценување:** |
|---|---|
| • **Пластично обликување** (скулптура, пропорции, конструкција, моделирање, каширање) | • Препознава и споредува пропорции на големини во тридимензионално дело.<br>• Применува конструкција и техника на моделирање при изработка на човечка фигура од глина.<br>• Комбинира каширање и боење при изработка на маска.<br>• Го интерпретира значењето/симболиката на изработената скулптура. |
| • **Дизајн и визуелни комуникации во 3Д** (внатрешен дизајн/ентериер, дизајн на мебел, стил, мода, моден дизајн, моден додаток, архитектура, историски локалитет, архитектонска градба) | • Препознава продукти од областа внатрешниот дизајн/ентериер и дизајн на мебел.<br>• Применува комбинирани техники при дизајнирање мебел.<br>• Креира идејно решение за облека/моден додаток.<br>• Препознава разлики во архитектурата од различни историски периоди (античка, средновековна, ренесансна, модерна).<br>• Користи набљудување при цртање архитектонски градби. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, користејќи интернет, разгледуваат примери од скулптури на човечки фигури и ги воочуваат и споредуваат нивните пропорции. (примери од Микеланџело, Роден, праисториски фигурини, Египетски скулптури, Антички скулптури и др.)

- Учениците изработуваат конструкција од жица, стапчиња, леплива лента и др. за скулптура со мотив човечка фигура. Потоа ја користат конструкцијата за моделирање во глина.
- Учениците, поделени во парови, користејќи интернет, набљудуваат традиционални маски за лице од различни култури (на пример: Африкански, Кинески, Мексикански маски, Македонски маски - златните маски од Требеништа и др.)
- Учениците поделени во парови изработуваат маски со каширање на весникарска хартија и салфетки на балон. Откако добиената форма ќе биде сува, се сече на два еднакви делови (за секој ученик по една половина). Потоа на истите се додаваат/долепуваат детали и маските се бојат со темперни/акрилни бои и фломастери.
- Учениците ги изложуваат своите скулптури и маски и ги презентираат пред соучениците интерпретирајќи го нивното значење/симболика.
- Учениците поделени во мали групи користејќи интернет истражуваат на тема внатрешени дизајн/ентериер, потребата од продуктите и нивните стилски разлики низ историјата на дизајнот на ентериер/мебел. Потоа, создаваат презентација (на хартија или дигитално) со примери од познати архитекти и дизајнерски куќи.
- Учениците создаваат нацрт/идејно решение за дел од мебел по нивен избор во комбинирани техники (цртаат со молив/туш, користат линијар, шестар и друго, а потоа цртежот го бојат со дрвени боички, фломастери, тушеви во боја, акрилни бои и друго).
- Учениците истражуваат, се запознаваат и дискутираат за потребата и развојот на стиловите, модата и модните додатоци некогаш и денес. Потоа создаваат идејно решение за облека или моден додаток, го скицираат во техника молив/туш, а потоа го бојат со дрвени боички, фломастери или акварелни бои или творат во техника колаж (текстил, картони, волници и др).
- Учениците поделени во големи групи истражуваат на тема архитектура низ историските периоди и воочуваат разлики (античка, средновековна, ренесансна, модерна архитектура) користејки енциклопедии и интернет. На крајот секоја група изработува презентација за најзначајните карактеристики на определен (избран) историски период во архитектурата (на хартија или дигитално).
- Учениците набљудуваат значајни архитектонски градби во нивниот крај (на пр. антички локалитети и ископини, историски заштитени објекти/спомен куќи, музеи, верски, образовни, административни објекти и сл). Потоа цртаат одреден објект/локалитет на тема: Архитектурата од мојот крај. Цртежите од сите ученици се спојуваат во групна творба - албум.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;
- истражувачките активности при кои ученикот врши набљудување, претставување резултати и нивно презентирање;
- практичната изведба и активност на часовите при изработката на сопствените и заедничките творби;
- изработките (цртежи, слики, графики, скулптури, дизајни, илустрации, презентации, модели и сл.);
- домашните задачи;
- естетската проценка на уметнички дела и ученички творби;
- одговорите на квизови (кратки тестови) што се дел од поучувањето.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка на постигнатите стандарди за оценување. Бројчаната сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на практично творечките активности и теоретскиот дел - преку усни одговори и тест на знаење од ликовниот јазик во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2026/2027 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Ликовно образование* за VIII одделение.** | бр. 12-12084/22<br>12.9.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>____________________________ |